**До**

**Министерство за труд и социјална политика**
**Кабинет на министер за труд и социјална политика**
г-ѓа Мила Царовска

**копија**
г-ѓа Мирјана Алексевска

**Предмет:** Одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа

Почитувани,

Во програмата на планирани активности на Здружението на инженери за заштита „Тутела", Скопје, за 2019 година, е и одбележувањето на 28ми Април, Светскиот ден на безбедност и здравје при работа.

Водејќи се од основните цели на Здружението од самото формирање, базирани на меѓусебна соработка, почит и поддршка на сите чинители во интерес на областа безбедност и здравје при работа, Ви го доставуваме овој допис.

Имено, Светскиот ден на безбедност и здравје при работа, во 2019 година е недела, неработен ден од работната седмица и прв ден од верскиот празник Велигден (православна вероисповед).

Имајќи предвид дека голем број на граѓани ќе ги спојат неработните денови (поради верскиот празник Велигден и денот на трудот 1 Мај) и ќе заминат на неколкудневен одмор, може да се случи Светскиот ден на безбедност и здравје при работа 28ми Април, да остане во сенка на претходно наведените настани. Поради тоа, Ви се обраќаме со прашање, дали постои расположение од страна на Министерството за труд и социјална политика, во соработка со другите чинители од областа, за заедничко одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа.

Би напомenале дека Допис, со слична содржина, за заедничко одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа е испратен и до останатите Здруженија од областа безбедност и здравје при работа, Националниот совет за безбедност и здравје при работа и Државниот инспекторат за труд.

Целта ни е заеднички, сите да се обединиме во одбележувањето на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа и преку заедничка промоција на областа да го потврдиме

**Здружение на инженери за заштита Тутела**
Ул.Никола Тесла бр.8
Скопје 1000, Македонија
contact@tutela.org.mk
www.tutela.org.mk

**Association of Safety Engineers Tutela**
Str.Nikola Tesla 8
Skopje 1000, Macedonia
international@tutela.org.mk

значењето на безбедноста и здравјето на вработените како движечка сила и напредок на економијата на Република Македонија.

Врз основа на погоре изнесеното, предлагаме формирање на работна група, составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, Националниот совет за безбедност и здравје при работа, Државниот инспекторат за труд и Здруженијата од областа безбедност и здравје при работа (ЗЗПР на општина Битола, МЗЗПР и ЗБР 28 Април) која ќе изготви усогласена програма за одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа, а како ден на одбележување го предлагаме среда (24.04.2019 г.).

Би Ве замолиле во интерес на планирање на нашите активности по повод 28ми Април, да ни доставите повратна информација дали предлогот е прифатлив за Вас, најдоцна до петок 15.02.2019 година, на е mail ziztutela@gmail.com или contact@tutela.org.mk .

Со искрени желби за успешна соработка,

Скопје,

28.01.2019 година

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНЖЕНЕРИ ЗА ЗАШТИТА**
**ТУТЕЛА, СКОПЈЕ**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**

М-р Дејан Ангеловски

**Здружение на инженери за заштита Тутела**
Ул.Никола Тесла бр.8
Скопје 1000, Македонија
contact@tutela.org.mk
www.tutela.org.mk

**Association of Safety Engineers Tutela**
Str.Nikola Tesla 8
Skopje 1000, Macedonia
international@tutela.org.mk